# ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

**ЦАРЕВИ КУЛИ, СТРУМИЦА**



**ПОТПРОЕКТ**
**„ЕКОНОМСКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНАТА И АЛТЕРНАТИВНАТА ТУРИСТИЧКА ПОНУДА НА ЦАРЕВИ КУЛИ ВО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА СТРУМИЦА“**

**Струмица, декември, 2019**

# КРАТЕНКИ И АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| ПЛРК | Проект за локална и регионална конкурентност |
| ПУЖССА | План за управување со животната средина и социјални аспекти |
| ПУЛКН | План за управување со локалитетот на културно наследство |
| ЕСП | Единица за спроведување на Проектот |
| КАНЦК | Културно археолошко наоѓалиште Цареви Кули |
| НУЗЗКСМС | Национална установа „Завод за заштита на културни споменици и музеј“ - Струмица |
| УЗКН | Управа за заштита на културно наследство |
| КН | Културно наследство |
| ЛКН | Локалитет на културно наследство |

# Содржина

КРАТЕНКИ И АКРОНИМИ ........ **Error! Bookmark not defined.**

ПРЕДГОВОР ........ **Error! Bookmark not defined.**

1. Општи информации ........ 6

1.1 Информации за локалитетот на културното наследство ........ 6

1.2 За проектот ........ **Error! Bookmark not defined.**

1.3 Правни и институционални рамки ........ **Error! Bookmark not defined.**

2.Развој, методологија и постапки за планот со управување со локалитетот на културно наследство ........ 9

2.1 Главни извори на податоци ........ **Error! Bookmark not defined.**

2.2 Институции и инволвирани страни ........ **Error! Bookmark not defined.**

2.3 Јавни консултации ........ 10

2.4 Фази на развој на ПУЖССА ........ 11

3. Моментални услови и потенцијал за развој на ЛКН ........ 11

3.1 Пристап и моментална слика на локалитетот на културно наследство ........ 11

3.2 Зачувување и конзервација на локалитетот на културно наследство ........ 12

3.3 Мерки за избегнување, ублажување и намалување на влијанието врз културното наследство ........ 13

3.4 Управување со посетители ........ **Error! Bookmark not defined.**

3.5 Безбедност и пристап ........ 14

3.6 Сопственост и финансирање ........ **Error! Bookmark not defined.**

3.7 Градење на капацитети ........ **Error! Bookmark not defined.**

4. Цели на планот за управување со локалитетот на културно наследство ........ 15

4.1 Цели на ПУЛКН ........ **Error! Bookmark not defined.**

5. Акциони планови на ЛКН ........ 16

5.1 План за конзервација и реконструкција ........ **Error! Bookmark not defined.**

5.1.1 Фаза III: Економска валоризација на културната и алтернативната туристичка понуда на Цареви кули во туристичка дестинација Струмица ........ 17

5.1.2 Фаза IV: Уредување и подобрување на пристапот до Цареви кули ........ 24

5.1.3 Дополнителни информации и активности за публицитет ........ 25

5.2 План за управување со посетители ........ **Error! Bookmark not defined.**

5.2.1 Пристап до ЛКН ........ **Error! Bookmark not defined.**

5.2.2 Управување со безбедноста на посетителите ........ **Error! Bookmark not defined.**

5.2.3 Информации и свесност ........ **Error! Bookmark not defined.**

5.3 Безбедносен план ........ **Error! Bookmark not defined.**

5.4 Оперативен план и план за одржување ........ **Error! Bookmark not defined.**

6.Следење и евалуација ........ 31

Прилози: ........ 37

Прилог 1: Конзерваторско одобрение ........ 37

Прилог 2: Експертско мислење од ИКОМОС .......... 42
Прилог 3: Проект за уредување и подобрување на пристапот до Цареви кули .......... 43
Прилог 4: Временски план за реализација на Фаза 3 и Фаза 4 на ПУЛКН на Цареви кули во Струмица .......... 44
Прилог 5: Оперативен план и план за одржување на ЛКН .......... 45
Прилог 6: План за управување со посетители на локалитетот .......... 46

# ПРЕДГОВОР

Планот за управување со локалитетот на културно наследство (ПУЛКН) на Цареви кули е изготвен од тим на експерти за потребите на Општина Струмица и Националната установа „Завод за заштита на културните споменици и музеј" - Струмица во согласност со барањата и целосна усогласеност со постоечката легислатива од областа на заштита на културното наследство на Република Северна Македонија.

Археолошкиот локалитет „Цареви Кули“ е културен споменик прогласен за културно наследство од особена важност од страна на Заводот за заштита на спомениците на културата, природните реткости и музеј - Струмица. Сегашниот ПУЛКН претставува изјава на согласност од страна на повеќе засегнати страни која поставува стабилна рамка за развој, заштита, конзервација и последователно управување на локалитетот на културно наследство (ЛКН) на Цареви кули. ПУЛКН е „жив“ документ кој ќе служи како нацрт план за развој на локалитетот Цареви кули и ќе биде прегледан во иднина за да ѝ служи на својата цел подобро и да осигури ефикасно и одржливо управување и заштита на ЛКН.

На тековната ревизија, ПУКН беше изготвен за идните активности во рамки на потпроектот „Економска валоризација на културната и алтернативната туристичка понуда на Цареви кули во туристичка дестинација Струмица“, реализиран во рамките на Проектот за локална и регионална конкурентност (ПЛРК). Како таков, тој преставува составен дел од Планот за управување со животната средина и социјалните аспекти (ПУЖССА) на потпроектот. ПУЖССА и ПУЛКН ги идентификуваат одржливите и ефективните мерки кои можат да помогнат во намалувањето или избегнувањето на потенцијалните негативни ефекти на прифатливо ниво врз животната и социјалната средина и опкружување, како и врз културното наследство. Двата документи се состојат од збир на институционални и други мерки за ублажување и следење за време на реализацијата на овие активности, планирани со цел да се елиминираат неповолните и негативните ефекти врз животната средина или да се намалат на прифатливо ниво.

Целта на Планот за управување со локалитетот на културно наследство (ПУЛКН) е заштита, отстранување и намалување на негативните ефекти врз културното наследство во согласност со Законот за заштита на културното наследство на Република Северна Македонија. Во овој аспект, ПУКН има важна улога во одредувањето и дефинирањето на начинот на кој физичкото и културното наследство ќе се управуваат, со цел да се обезбеди одржливи услови за зачувување за време на развојот на проектот, особено за време на фазата на дизајн, фазата на конструкција и оперативната фаза. ПУКН исто така содржи опис за тоа како ќе се управува, финансира и управува со овој локалитет, откако ќе завршат планираните фази на реконструкција и зачувување.

ПУЛКН содржи опис на проектот, техничките детали, обемот и локацијата, врз основа на кои се оценуваат социјалните и ризиците врз животната средина. ПУЛКН содржи опис на потенцијалните ризици и мерки за ублажување, како и типот на влијание, опис на опремата и процедурите за активност, оценки на културното наследство врз основа на овие мерки, итн.

Реализацијата и следењето на ПУЛКН ќе биде заедничка одговорност не само на главните страни вклучени во постапката, т.е. Општина Струмица и Националната Установа „ Завод за заштита на културните споменици и музеј“ - Струмица, но исто така и на различен број на засегнати страни и нивната согласност да работат во партнерство за време на процесот на развој, управување и зачувување на ЛКН.

# 1. Општи информации

## 1.1 Информации за локалитетот на културно наследство

Културниот и археолошки локалитет Цареви кули во Струмица (ЛКН) - е лоциран на врвот од ридот над градот во непосредна близина на градот Струмица, главниот центар на општината, кој во нашата земја е категоризиран како највисоката категорија на туристички локалитети во согласност со критериумите за атрактивност за туристички посети. ЛКН со културното, историското и духовното наследство, кое датира од антички времиња до средниот век, има висок потенцијал за развој на општината и градот Струмица и е еден од најпрепознатливите белези на Струмица.

Врз основа на типолошките карактеристики, културниот и археолошки локалитет Цареви кули е категоризиран како комплексен археолошки локалитет од праисториски, антички и средновековен тип. Постојат повеќе истакнати и свети споменици (објекти и предмети) во рамки на ЛКН и е еден од најголемите археолошки локалитети на Балканот. Поради големата важност и вредност, ЛКН е заштитен како **културен споменик** чиј имот е одреден со Решение бр. 925 од 16.09.1998 година, како што е наведено во Државниот регистар на културно наследство. Истиот е запишан како културен споменик под бр. 03-94/1 од 06.06.1981 година, во Заводот за заштита на спомениците на културата, природните реткости и музеј - Струмица, во прилог на Решение бр. 09-53/1 од 01.09.1998 година. Поради критериумите во поглед на документацијата, како и разновидноста и интегритетот, ЛКН е категоризиран како културно наследство од особена важност. Законот за заштита на културното наследство ги спречува активностите и влијанијата кои може да им наштетат и да ги деградираат локалитетите на културно наследство, како што е ЛКН, и врши зачувување на нивните историски и културни вредности.

ЛКН ги исполнува сите услови според дефиницијата за „туристички локалитет“: атрактивен е (културно-историски споменици); пристапен е (за пешаци и сообраќај), има голема приемност (самата општина има објекти и капацитети за сместување на туристите, нудејќи им ги потребните услуги).

Моменталната ситуација на ЛКН е исто така потврдена во програмата за ревитализација на „Царевите кули“, но поради недостаток на средства за различни видови интервенции (како градење на заштитни мрежи, подобрување на пешачките мрежи и други отворени површини кои се во исклучително влошена состојба), тековната состојба е се уште незадоволителна.

## 1.2 За проектот

Сегашниот план за управување со културното наследство е развиен во рамки на потпроектот ,,Економска валоризација на културната и алтернативна туристичка понуда на Цареви Кули во туристичка дестинација Струмица”, кој се реализира во рамките на Проектот за локална и регионална конкурентност (ПЛРК).

ПЛРК е четиригодишна инвестициска операција, поддржана од Европската Унија преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА 2) и која има за цел конкурентност и иновации во Македонија. Проектот се спроведува од страна на Кабинетот на вицепремиерот надлежен за економски прашања и го води Светска банка. Главната цел на Проектот за локална и регионална конкурентност е да го зајакне придонесот на туризмот во локалниот економски развој и градење на капацитетите на Владата и јавните институции со цел да го стимулира развојот на туризмот и да го олесни управувањето со дестинации. ПЛРК ги обезбедува финансиските средства за градење на капацитети кои придонесуваат за понатамошен развој на туристичкиот сектор, инвестирање во дестинации и поддршка на нивниот напредок. Проектот ќе поддржи одредени

туристички дестинации во земјата преку комбинација на техничка поддршка со цел да го подобри управувањето со дестинации, инвестициите во инфраструктурата и инвестиции во иновациите.

Главната цел на потпроектот „Економска валоризација на културната и алтернативната туристичка понуда на Цареви кули во туристичка дестинација Струмица“ е да ги промовира културниот и археолошкиот туризам во туристичка дестинација Струмица и околината, преку промоција и подобрување на условите за развој на алтернативниот туризам на локалитетот „Цареви кули“.

Конкретните цели на потпроектот се:

- Подобрување на културното и археолошкото опкружување на локалитетот Цареви кули и зачувување на автентичниот изглед на тврдината, кулите и бедемите, како и
- Модернизација на патеките кои ги водат туристите и посетителите до локалитетот.

За да се постигнат овие цели, потпроектот предвидува реализација на две поголеми активности од кои едната се однесува на реконструкција, реставрација и конзервација на кулите и бедемите на Цареви кули, а додека другата на рехабилитација и уредување на постојните пешачки патеки за алтернативен туризам, со што ќе се оживее и модернизира пошироката локација околу овој културно-историски споменик и ќе се збогати туристичката понуда на Општина Струмица.

Согласно Конзерваторското одобрение со УП бр.08-892 од 15.11.2019 година, издадено од Министерството за култура - Управа за заштита на културното наследство на Република Северна Македонија **(Прилог 1),** проектното решение е во согласност со физичката состојба и вредностите на заштитеното добро и работите може да се изведуваат согласно проектот.

## 1.3 Правни и институционални рамки

Следните правни и институционални рамки се земени предвид во процесот на развој и последователна реализација на ПУЛКН. Листата со регулативи и важни документи за предложените мерки за управување со културното наследство вклучува:

***Закон за заштита на културното наследство***

- Закон за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/04 кој датира од 02.04.2004 година);
- Закон за конзервација на културното наследство, консолидиран текст (Службен весник на Република Македонија бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16);
- Закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на неинтелектуалното културно наследство („Службен весник на Република Македонија” бр. 59 кој датира од 12.05.2006 година);
- Измена и дополнување на Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр.18 кој датира од 25.09.2011 година);
- Измена и дополнување на Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр.18 кој датира од 14.02.2011 година);
- Измена и дополнување на Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр. 148/2011);
- Измена и дополнување на Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/2013);
- Измена и дополнување на Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр. 164 кој датира од 27.11.2013 година);
- Измена и дополнување на Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр. 38 кој датира 24.02.2014);

- Измена и дополнување на Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр. 44/2014);
- Измена и дополнување на Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр. 199/14);
- Измена и дополнување на Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр. 154/15);
- Измена и дополнување на Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр. 39/16).

**Член 2**

Согласно Законот за заштита на културното наследство на Република Македонија, културно наследство е вкупното материјално и нематеријално добро со археолошки, етнолошки, историски, уметнички, урбани, социјални и други научни вредности, содржини и функции, кои имаат културна и историска вредност и се заштитени со закон како резултат на нивната вредност. Културното наследство се категоризира како движно и недвижно. Законот за заштита на културното наследство воспоставува протокол за сите засегнати страни вклучени во активностите за зачувување и управување на културното наследство.

Законот за заштита на културното наследство исто така предвидува подготовка на План за управување со културно наследство кој треба да ги содржи предложените мерки и активности за заштита на културното наследство, како и потенцијалните фактори и ризици кои го претставуваат ризикот од културното наследство.

**Член 4**

Став 1 - Главната цел на правото е заштита на културното наследство во оригиналната состојба.

Став 2 - Оперативната цел на заштитата е преземање активности за спречување на активностите и влијанијата кои може да резултираат со штета, уништување, распаѓање, деградација и незаконско присвојување на културното наследство.

**Член 65**

Член 65 од Законот за заштита на културното наследство гласи: (1) Ако археолошки локалитет или објекти (предмети) од археолошка важност се откријат за време на градењето, земјоделски или други работи, изведувачот е обврзан:

1. Да го пријави откритието во согласност со Член 129 од овој Закон;
2. Да ги прекине работите и да го заштити локалитетот од можни штети и уништување, како и од неовластен пристап;
3. Да ги остави откриените објекти (предмети) на местото (на локалитетот) и во состојбата во која ги нашол.

(2) И покрај ставот (1) на овој член, ако објектите (предметите) се ископани или отстранети заради нивна подобра заштита или зависно околностите, Изведувачот треба:

1. Да ги предаде откриените објекти (предмети) кога ќе ги пријави или за време на идентификацијата во склоп на значењето на Член 66 од овој закон и да ги преземе потребните мерки за да не погреши или да не ги оштети или измени, како и
2. Да ги обезбеди сите потребни податоци во зависност од локацијата и позицијата на објектите (предметите) кога биле откриени и околностите под кои биле направени.

**OP / BP 4.11 Физички културни извори**

Политиката на физички културни извори се активира кога потпроектите во поткомпонентата 3-1 Инфраструктура потенцијално вклучува проекти со директно или индиректно влијание врз

неподвижните културни извори. Целта на оваа постапка да ги поддржи институциите во областа на отстранување и ублажување на негативните ефекти врз физичките културни вредности при развојот на проекти финансирани од Светска банка. Потенцијалните влијанија врз физичките културни извори што може да произлезат од проектните активности, ја активираат политиката на Светска банка, според која план за управување со работите од културното наследство треба да биде развиен како дел од деталните процедури за анализа.

# 2. Развој, методологија и постапки за Планот за управување со локалитет на културно наследство

## 2.1 Главни извори на податоци

Следните постоечки извори и документи се користени во процесот на собирање информации и податоци за потребите при подготовката на тековниот ПУЛКН:

- План за управување со животната средина и социјално работи за потпроектот „Економска валоризација на културната и алтернативната туристичка понуда на Цареви кули во туристичка дестинација Струмица”
- Апликационен формулар на потпроектот „Економска валоризација на културната и алтернативната туристичка понуда во туристичка дестинација Струмица”, изготвена од Општина Струмица.
- Проектот за уредување и подобрување на пристапот до Цареви кули 2020, изготвен од Националната установа „Завод за заштита на културните споменици и музеј“ - Струмица и Општина Струмица.
- Стратегија за развој на туристичка дестинација Струмица 2020 - 2030
- Програма за развој на Југоисточен плански регион 2015 - 2019;
- План за развој на туризмот во Струмица и околината (Еден од 10$^{те}$ Планови за развој на туризмот во Северна Македонија);
- Постоечки научни и специјализирани публикации на Националната установа „Завод за културни споменици и музеј“ - Струмица поврзани со ЛКН Цареви кули.
- Прилог 2 кон Проектот за конзервација, реставрација и делумна реконструкција на бедемите и кулите на Цареви кули во Струмица за предвидените активности за непосредна заштита на проектот „Економска валоризација на културната и алтернативната туристичка понуда на Цареви кули во туристичка дестинација Струмица” - со тех. број 02-178 од октомври, 2019 година, со извештај од ревизија;
- Главен конзерваторски проект за осветлување на бедемите на тврдината Цареви кули во Струмица - со тех. број 02-178/1 од октомври, 2019 година, со извештај од ревизија;
- Основен конзерваторски проект за изведба на пристапни патеки и скали со канделабри од Ловен дом до северната кула на тврдината Цареви кули во Струмица - со тех.број 02-178/2 од октомври, 2019 година, со извештај од ревизија;
- Позитивен извештај (бр.09-179/21 од 13.11.2019 година) беше подготвен по извршена експертска контрола на конзерваторски проекти од страна на комисија назначена од Националната установа „Завод за заштита на културните споменици и музеј“ - Струмица со Решение бр. 09-179/20 од 12.11.2019 година;
- Геодетски елаборат за геодетски работни активности за посебни цели за подготовка на обновена геодетска база за локалитетот Цареви кули со бр. 0809-220/3 од 01.11.2019 година;
- Елаборат за геотехничко истражување и анализа на дел од теренот на локалитетот Цареви Кули во Струмица со бр. 490-2 од 30.09.2019 година, подготвен од Градежен факултет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје;
- Мислење од ИЗИИС на дизајнираниот степен на механичка издржливост, стабилност и сеизмичка заштита на градбата со бр. 0807-2086/3 од 07.11.2019 година;

- Изготвен извештај по извршен конзерваторски надзор на работни активности за непосредна заштита, конзервација, реставрација и делумна реконструкција на тврдината Цареви кули во Струмица, фаза 2, во рамки на проектот финансиран од ЕУ со бр. 03-547/1 од 29.10.2017 година;
- Финален извештај за комплетирана конзервација и градежни активности и интервенции на дел од тврдината Цареви кули во периодот од 2014 до 2015 година со технички број 07/25-1 од 24.03.2019 година.
- Цареви Кули Струмица - Историја, култура, откритија - од праисторијата до среден век - Истражување од Завод за заштита на културните споменици и музеј“ - Струмица.

## 2.2 Институции и вклучени страни

Следните институции/организации/засегнати страни се идентификувани за потребите за развој и реализација на сегашниот ПУЛКН:

**Министерство за култура на Република Северна Македонија** и Управата за заштита на културното наследство, како институција во рамки на Министерството за култура, се одговорни за заштита на недвижното и движното културно наследство во Република Северна Македонија. Управата за заштита на културното наследство и Националната установа „ Завод за заштита на културните споменици и музеј“ - Струмица, имаат соработка во поглед на конзервација и развој на културното наследство, додека некои од нивните надлежности вклучуваат правни постапки и активности поврзани со конзервација и пристап до културното наследство.

**Општина Струмица** е одговорна за целосната реализација на потпроектот „Економска валоризација на културната и алтернативната туристичка понуда на Цареви кули во туристичка дестинација Струмица“ во соработка со Националната установа „Завод за заштита на културните споменици и музеј“ - Струмица и Управата за заштита на културното наследство во Северна Македонија. Предложените активности во рамки на потпроектот „Економска валоризација на културната и алтернативната туристичка понуда на Цареви кули во туристичка дестинација Струмица“ нема да предизвика промени во културното наследство, бидејќи тие се во согласност со Законот за културно наследство од особена важност, каде директната заштита на Цареви кули е во согласност со деталните параметри дадени од проектот кој е професионално подготвен и одобрен од соодветните институции за заштита на културното наследство.

**Националната установа „Завод за заштита на културните споменици и музеј“ - Струмица** е основана како провинциски музеј во 1952 година. На 01.01.2005 година, установата прерасна во регионален конзервациски центар одговорен за Струмица, Дојран, Валандово, Богданци, Гевгелија и околината. Археолошкиот локалитет „Цареви кули“ е културен споменик чиј статус беше одреден со Решение бр. 925 кој датира од 16.09.1998 година, донесен од страна на Заводот за заштита на културата, природните реткости и музеј - Струмица. Врз основа на оваа одлука за културниот споменик, истиот е регистриран во Централниот регистар бр. 925 на Неподвижни споменици на културата на Република Северна Македонија, додека во Општинскиот регистар на неподвижни споменици на културата на територијата на Општина Струмица е регистриран под рег. бр. 3 од 19.08.1998 година.

**Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ - Струмица** е општинска институција одговорна за сите комунални услуги и одржување. Главните дејности на ЈПКД „Комуналец“ - Струмица се отстранување на отпад и рециклирање, одржување на инфраструктурата на згради, одржување на јавни површини, итн. ЈПКД „Комуналец“ - Струмица ќе биде директно вклучено во реализацијата на оперативниот план на ПУЛКН.

## 2.3 Јавни консултации

Во согласност со барањата на ПУЖССА, подготвениот План за управување со културно наследство (ПУКН) е дел од тендерската документација и договорот со изведувачот (заедно со сметководствената евиденција) кои ќе бидат обврзани да ги спроведат предвидените мерки во согласност со Планот за ублажување. Спроведувањето на ПУКН е задолжително за изведувачот и крајниот корисник.

Надзорното тело ангажирано од Општина Струмица и / или / ПЛРК ЕСП има должност да ја следи и оцени реализацијата на предложените мерки според Планот за следење и да ги информира изведувачот и проектната канцеларија на ПЛРК ЕСП. Општина Струмица ќе даде извештај за состојбата на животната средина и културното наследство, како и за реализацијата на ублажувањето и мерките за следење во редовните извештаи за потпроектот и во посебниот извештај за реализација на ПУКН. Во согласност со УЖССА, овој ПУКН ќе биде јавно консултиран пред финалното одобрение на пот-грантот. Штом ПУКН биде одобрен од експерт на ЕСП и експерт од Светска банка, ќе биде објавен на веб-страната на ЕСП, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и веб-страната на Општина Струмица, каде ќе биде достапен за коментари најмалку 14 дена. Печатената верзија ќе биде достапна во просториите на ЕСП и Општина Струмица. Дебатата треба да се одвива во Општина Струмица на крајот од периодот за консултации. Активно, апликантот ќе ги информира и покани сите засегнати страни вклучувајќи здруженија и фондации, заедници и ќе ги обезбеди соодветните финансиски средства. Релевантните суштински коментари, како и коментарите од јавната дебата ќе бидат вклучени во финалната верзија на ПУКН и во Извештајот од јавната дебата и ќе бидат дел од финалната верзија ПУКН.

ПУКН ќе биде јавно достапен и издаден на англиски, македонски и албански јазик. Реализацијата на Планот за управување со животната средина и социјалните аспекти и ПУКН обезбедуваат навремено преземање на потребните мерки и придонесуваат за реализацијата на проектните активности без значителни влијанија врз животната средина или културното наследство.

### 2.4 Фази на развој во ПУЛКН

При моменталната проверка, ПУКН е подготвен за предвидените активности во рамките на потпроектот „Економска валоризација на културната и алтернативната туристичка понуда на Цареви кули во туристичка дестинација Струмица“, реализиран во рамки на Проектот за локална и регионална конкурентност (ПЛРК). Како таков, тој претставува значаен дел на Планот за управување со животната средина и социјалните аспекти (ПУЖССА) на потпроектот.

Дополнителни проверки на ПУЛКН ќе бидат извршени по реализацијата на клучните фази на активностите на ЛКН, како и пред започнувањето со идни интервенции на локалитетот.

## 3. Моменталните услови и потенцијал за развој на ЛКН

### 3.1 Пристап и моменталната состојба на локалитетот на културно наследство

ЛКН Цареви кули е лоциран во југоисточниот дел на Република Македонија, на територијата на Општина Струмица. Поширокиот дел го покрива појасот околу југозападната периферија на градот, која не е во доменот на градскиот дострел и е воглавно ридско и стрмно. Тврдината и целиот археолошки локалитет „Цареви кули“ е лоциран на врвот на ридот Чам Чифлик, над градот Струмица. ЛКН се наоѓа на јужната страна над градот Струмица на 455 метри надморска височина. Тврдината има издолжена овална база и се протега на 210 метри од исток кон запад и

на околу 90 метри од северозапад кон југ. Од северозападната страна, стрмни долини се спуштаат кон подножјето на поројните реки Коритница и поројот Свети Илија.

Моментално, пристапот до ЛКН се одвива преку постоечката сообраќајна линија од Струмица до „Цареви кули“, односно преку локален пат, со должина од 7.1 километри, преку селата Попчево и Чам Чифлик до гробиштата. Понатаму, има стрмен пешачки пат од околу 1 километар и оштетена трим патека од „Ловен дом“ до манастирот Свети Илија, со должина од 2.33 километри .

Струмица како еден од најважните економски и културни центри во Југоисточна Македонија прерасна во препознатлив туристички бренд кој привлекува многу туристи и на овој начин придонесува за локалниот економски развој на општината. Во суштината на долгорочните напори да се обезбеди одржлив развој на туризмот, Општина Струмица одлучи да основа и промовира дестинациски бренд на градот и регионот Струмица, како дел од трудот на заедницата да го изрази својот идентитет, уникатните карактеристики и конкурентни предности со цел да се промовира градот и регионот како атрактивна дестинација за туризам, бизнис, рекреација и живеење.

Создадениот туристички дестинациски бренд „Струмица - ѕвезда под небото“ го изразува трудот на заедницата за обезбедување на стратешки развој на туризмот во поширокета област на Струмица. ЛКН Цареви кули, симбол на градот и најпрепознатливото обележје на Струмица, заедно со Орта Џамија, Римските бањи во село Банско, манастирскиот комплекс во Водоча и Вељуса, се најпосетуваните локалитети од страна на туристите, при посетата на овој регион. Цареви кули се во јадрото на новоформираниот дестинациски бренд Струмица и е претставен преку сите визуелни елементи, поврзани со дестинацискиот бренд.

## 3.2 Зачувување и конзервација на локалитетот на културно наследство

ЛКН Цареви кули е прогласен за културно наследство од особена важност. Решението да се прогласи археолошкиот локалитет Цареви кули како културно наследство од особена важност со бр. 925 датира од 16.09.1998 година и е издадено од Националната установа „Завод за заштита на културните споменици и музеј“ - Струмица. Законот за заштита на културното наследство спречува активности и влијанија кои може да му наштетат или да го оштетат овој културен споменик и обезбедува заштита на неговите историски и културни вредности.
Истражувањата покажаа дека тврдината има издолжена елипсовидна основа. Во тврдината, има различни објекти (предмети) од економски и станбен карактер, услуги и заштита.



*Слика 1: Стара слика која го прикажува изгледот на портата Јужна кула*

Цареви кули како тврдина е предмет на многу истражувања досега, со што се подобри состојбата на тврдината зачувувајќи го автентичниот изглед. Според археолошките ископи, истражувања и други студии изведени од релевантна установа, значајната историска и културна вредност на Цареви кули е одредена и основана. Хронолошки, првите ископувања и истражувања биле направени во 2002 и 2004 година, а во 2005 година нови археолошки ископувања од 288 метри квадратни беа направени со цел да се дефинира објектот (предметот) на исток од Донжон кулата (Пирго). Во 2007 година, проект финансиран од ЕУ ги откри бедемите на западната и источната

страна, североисточните и југозападните влезови на тврдината, цистерната, итн. Потоа, гробиштата лоцирани на јужниот срт од тврдината и гробиштата од почетокот на 4 век и втора половина на 4 век.



*Слика 2: Конзервација, реставрација и реконструкциски работни активности на дел од тврдината Цареви кули*

Во 2009 година, систематско археолошко истражување беше финансирано од Владата на Република Македонија како капитален проект, со што се спроведе целосна студија на југоисточното плато и на две третини од централното плато. Со ова истражување, вкупно 42 гроба кои припаѓаат на различни периоди беа откриени. Во 2008 година, во рамки на споменатиот проект, конзервација, реставрација и делумна реконструкција на приближно 80 метри од западниот бедем, беа направени. За време на 2013 година, како дел од реализацијата на проектот „Наследство“, финансиран од Европската Унија, поголемиот дел од реставрацијата и конзервациската работа беа спроведени и поради ова сега имаме добро зачувана состојба. Во 2014 година, југозападната кула беше речиси целосно реконструирана, како и дел од влезната порта, северозападната кула и северозападниот бедем.

Предвидените активности на моменталниот ПУЛКН и планираните потпроектни активности не го менуваат културното и историското наследство на тврдината Цареви кули и оригиналниот изглед на тврдината и нема активности кои ќе му наштетат на културното наследство. Релевантните институции ќе вршат строг надзор на сите градежни работи.

Член 65 од Законот за заштита на културното наследство гласи „ако се најдат археолошки пронајдоци за време на градежните работи, изведувачот / инвеститорот е обврзан да поднесе извештај до соодветна институција во согласност со Член 129 од Законот за заштита на културното наследство во рок од 3 дена“. Исто така, изведувачот е обврзан да ги запре сите градежни активности. Во проектот не се планирани и предвидени археолошки ископувања.

Според Законот, сите вклучени релевантни и соодветни субјекти се обврзани да ги почитуваат и да дејствуваат во согласност со регулативите. Општина Струмица, како апликант и корисник на фондовите од овој грант во согласност со правните регулативи, за време на реализацијата на овие активности, ќе побара од изведувачот и надзорникот да ги изврши активностите, како што е побарано, со цел да се зачува културното наследство.

## 3.3 Мерки за избегнување, ублажување и намалување на влијанието на културното наследство

Поради ризикот од можни негативни влијанија врз автентичниот изглед на бедемите и кулите на тврдината Цареви кули, како исклучок од Законот за заштита на културното наследство преку употреба на градежен материјал несоодветен за изгледот на бедемите и кулите на Цареви кули за избегнување, ублажување и намалување на влијанијата на културното наследство, следните мерки се предложени:

- Спроведување активности за конзервација, реставрација и реконструкција во согласност со проектната документација одобрена од соодветни институции (Управа за заштита на културното наследство, Конзерваторско одобрение бр. 08-892 од 15.11.2019 година);
- Создавање на поволни услови за одржување на целокупноста на градбите според условите за конзервација издадени од Националната установа „Завод за заштита на културните споменици и музеј“ - Струмица;
- Прилагодување на изгледот, бојата и другите параметри за објектите (просторот) зачуван со постоечката автентична документација;
- Реализација на Планот за управување со животна средина и социјални аспекти (ПУЖССА) и Планот за управување со културно наследство (ПУКН).

Детална листа на потенцијалните мерки кои ќе бидат преземени во постапката на спроведување на ПУЛКН може да се најде во Глава 6: Следење и евалуација.

## 3.4 Управување со посетители

Покрај реализираните реконструкциски и реставрациски работи спроведени во изминатите 10 години, пристапот до ЛКН е тежок и нерегулиран. Целиот локалитет е опкружен со стрмна клисура што го прави прилично опасен за потенцијалните посетители. Поради недостаток на извори, главните простори за управување со посетители и потребни интервенции (како изградбата на заштитни огради, подобрување на пешачките мрежи и други отворени површини кои се во исклучително лоша состојба) не постојат или се во многу лоша состојба. Во моментов, ЛКН нема План за управување со посетителите.

## 3.5 Безбедност и пристап

Како што спомнавме погоре, поради недостаток на финансиски средства и ресурси, пристапот до ЛКН е на некој начин хаотичен и неорганизиран. Не постои систем за безбедност. Локалитетот не е безбеден бидејќи нема персонал од обезбедувањето на локалитетот. Локалните медицински институции се справуваат со итни случаи.

## 3.6 Сопственииштво и финансирање

Моментално, институцијата која е директно одговорна за работата и управувањето на ЛКН Цареви кули е Националната установа „Завод за заштита на културните споменици и музеј“ - Струмица. Општинската администрација на Струмица е правно одговорна за одржувањето и заштитата на сите јавни имоти/простори, лоцирани/оперативни на територијата.

## 3.7 Градење на капацитети

Сите засегнати страни, заинтересирани и индивидуалци вклучени во реализацијата на активностите и проектите во склоп на ПУЛКН треба да бидат информирани за специфичностите при заштитата и управувањето со физичкото културно наследство.
Целта на таквото градење на капацитети и иницијативи за подигање на свеста е да им овозможи на непрофесионалци да ги идентификуваат опасностите на движното и недвижното културно

наследство, да превенираат штета на културното наследство, да регистрираат и дадат извештај за било какво културно наследство.
Дополнително, по одобрението на ПУЛКН, пошироката заедница и потенцијални засегнати страни во постапката на развој и реализација на Планот треба да бидат прикажани во главните цели, предвидените активности и акциските планови.

# 4. Цели на Планот за управување со локалитетот на културно наследство

## 4.1 Цели на ПУЛКН

Севкупната цел на ПУЛКН е да постави партиципативна рамка за заштита, конзервација и управување со ЛКН Цареви кули кои спојуваат разновидни политики и засегнати страни за негова реализација, како и да се обезбеди заштита на одликите и вредностите на ЛКН.

Целта на ПУЛКН е заштита, елиминација и намалување на негативните влијанија врз културното наследство во согласност со политиките на Светска Банка и процедурите за физичко културно наследство, како и во согласност со Законот за заштита на културното наследство на Република Северна Македонија. Првата верзија на Планот за управување со локалитетот на културно наследство на Цареви кули ги зема предвид специфичностите на постапките поврзани со конзервацијата на ЛКН, различните употреби и интереси и практичните факти при менаџмент и работа. Како резултат, следните специфични цели се дефинираа :

- Воспоставување одржлив и партиципативен пристап за заштита, управување и работа на ЛКН.
- Обезбедување на пристап за посетителите и заедниците и нивна безбедност и гарантирање на заштитата на културното наследство, вредноста и моменталната состојба на ЛКН.
- Заштита и одржлив развој на ЛКН.
- Поттикнување на учеството на локалната заедница и засегнатите страни во постапката на реализација на ПУЛКН.

Со цел да се постигнат горенаведените цели, а притоа придржувајќи се до ОР / ВР 4.11 Физички културни извори, реализацијата на ПУЛКН ќе зависи од следните главни принципи:

- **Одржливост** на планирањето и реализацијата;
- **Поделена одговорност** и заеднички активности за да се остварат целите на ПУЛКН;
- **Комуникација и учество** на сите соучесници вклучени во учеството на ПУЛКН;
- **Поттикнување сопственост** на ЛКН кај локалната заедница за постигнување на целите на ПУЛКН.

Покрај утврдувањето на задолжителните мерки за ублажување на ризиците од проектот врз културното наследство, сегашниот ПУЛКН претставува изјава за посветеност на повеќе засегнати страни која што поставува стабилна рамка за развој, заштита, конзервација и последователно управување на културниот ЛКН Цареви Кули. Покрај тоа, ПУЛКН може да послужи како план за развој на локалитетот Цареви кули.

# 5. Акциони планови на ЛКН

## 5.1 План за конзервација и реконструкција

Покрај бројните активности и реализирани проекти од Општина Струмица за реконструкција, конзервација и ревитализација на локалитетот, се уште не постои целосно воспоставен, оперативен и пристапен ЛКН кој им овозможува на посетителите целосен и атрактивен надворешен изглед, модерна, безбедна и пристапна инфраструктура, алтернативен туризам и велосипедски патеки.

Активностите за конзервација, реставрација и реконструкција на тврдината Цареви кули започнаа во 2007 година, и целосните активности досега се поделени во неколку главни фази, како што следи:

- **Фаза 1 - Археолошки, архитектонски и конзерваторски истражувања и обезбедување пристап до локацијата**. Комплетирана во 2013 година. Оваа фаза беше реализирана во периодот од 2007 до 2013 година и беше финансирана од Европската Унија, во рамки на КАРДС Програмата и Владата на Република Северна Македонија. Пристапот на возила до локалитетот беше обезбеден преку изградбата на локалниот пат Струмица - Попчево. Патот беше изграден со фондовите на Светска банка и Општина Струмица во 2013 година.

- **Фаза 2 - Реконструкција и реставрација на делови од локалитетот Цареви кули.** Комплетирана во 2015 година. Оваа фаза ја вклучува реставрацијата и реконструкцијата на делови од кули и бедеми на локалитетот. Беше реализирана во периодот од 2014 до 2015 година и беше финансирана преку Европската Унија во рамки на ИПА Програмата за прекугранична соработка.

- **Фаза 3 - Економска валоризација на културната и алтернативната туристичка понуда на Цареви кули во туристичка дестинација Струмица**. Оваа фаза се планира да се реализира во 2020 година со финансиска поддршка од ЕУ и Владата на Република Северна Македонија во рамки на Проектот за локална и регионална конкурентност, опериран од страна на Светска банка.

- **Фаза 4 - Уредување и подобрување на пристапот до Цареви Кули -** оваа фаза ќе биде спроведена паралално со Фаза 3. Истата ќе биде спроведена од страна на Националната установа „Завод за заштита на културните споменици и музеј“ - Струмица. Оваа фаза предвидува реализација на активностите кои ќе помогнат да се подобри моменталната состојба на ЛКН, да го олеснат пристапот до локалитетот и да ја поддржат финалната презентација на Цареви кули како целосно оперативен и пристапен туристички локалитет и дел од брендот Струмица.

Моменталниот ПУЛКН ја опфаќа Фаза 3 (активности во рамките на ПЛРК) од активностите за конзервација, реставрација и реконструкција на тврдината Цареви кули, како и идни релевантни активности поврзани со работата, одржувањето и управувањето со ЛКН. Додека Фазата IV не е дел од проектот, може да се смета за придружна активност и како таква е предмет на оценка на влијанието врз животната средина за овој потпроект. Дополнително, фазите поврзани со идна конзервација и реконструкција на ЛКН треба да бидат извршени со релевантната легислатива на Република Северна Македонија и усвоените практики во полето на управување со ЛКН. Детален временски план за реализација на Фаза 3 и 4 од ПУЛКН на Цареви кули во Струмица е прикажан во **Прилог 4** од моменталниот ПУЛКН.

Реализацијата на било какви дополнителни фази на реконструкција и реставрација на ЛКН во иднина треба да биде извршена во согласност со одредбите, утврдени во тековниот ПУЛКН. Подолу се опишани Фаза 3 и придружна Фаза 4 од активностите за конзервација, реставрација, реконструкција и подобрување на пристапот до ЛКН Цареви кули.

### 5.1.1 Фаза 3: Економска валоризација на културната и алтернативна туристичка понуда на Цареви кули во туристичка дестинација Струмица

Како дел од Фаза 3, која ќе биде реализирана во рамки на потпроектот „Економска валоризација на културната и алтернативната туристичка понуда на Цареви кули во туристичка дестинација Струмица“, следниве активности/проекти ќе бидат направени со цел да се обнови, зачува и подобри целокупниот пристап до културната и археолошка област на ЛКН:

**Проект 1. Конзервација, реставрација и делумна реконструкција на бедемите и кулите на Цареви кули во Струмица**[1]

Проектот за конзервација, реставрација и делумна реконструкција на бедемите на тврдината Цареви кули е подготвен врз основа на претходно извршени археолошки и конзерваторски истражувања, конзерваторско-истражувачки работни активности, работни активности за непосредна заштита во рамки на кои се проследени меѓународните норми и регулативи. Археолошките откритија, архитектонски и конзерваторски истражувања кои беа извршени за време на период од десет години од страна на домашни и меѓународни експерти, создадоа услови за локализирање на градежнните елементи на средновековната тврдина, односно бедеми, влезни порти, одбранбени кули, внатрешни локалитети и други градби (простори), до тој степен што е утврден прегледот на некогаш сложената средновековна тврдина. Степенот на уништувањето, причините за тоа, како и можностите кои дозволуваат да има реконструкција, се исто така познати. Како дел од проектот и врз основа на подготвената техничка документација, следните работни активности на главниот проект беа утврдени:




*Слика 3: Карта и преклоп на тврдината*

**А) Подготвителни работи за целиот локалитет Цареви кули**

Расчистување на теренот во и околу тврдината пред отпочнување на градежни интервенции; оформување и нивелирање на патека за транспорт на материјал од платформата до Северна кула и Источен бедем; подготовка на простор за складирање на материјалите; отстранување на сите загрозени и обрушени делови (кои изгубиле коегзистентност) и чистење до здравиот слој, односно до калцифициран малтер поврзан со каменот во монолитот; отстранување на мов, лишаи и вегетација од бедемските ѕидови и санација на секој нивен сегмент поединечно; издвојување на материјалот за повторна употреба (камен и тула);

**В) Работни активности за реконструкција, реставрација и ревитализација**

[1] ***Референца за техничка документација:*** *Прилог 2 на Проектот за конзервација, реставрација и делумна реконструкција на бедемите и кулите на тврдината Цареви кули во Струмица за предвидени активности за непосредна заштита во рамки на проектот "Економска валоризација на културната и алтернативната туристичка понуда на Цареви кули во туристичка дестинација Струмица" – со тех. број 02-178 од октомври, 2019 година (изготвен од Универзал градба - Струмица);*

**В.1 Северна кула, североисточен бедем и северозападен бедем** (Продолжување на реставрацијата и реконструкција на делумно изградената Северна кула; реставрација и реконструкција на дел од североисточниот и северозападниот бедем; реконструкција на скали од камен за влез во Северна кула преку одна патека на бедемот; изведба на времени еднокраки скали за пристап во тврдината од нејзината надворешна страна; поставување на заштитни метални огради на места од бедемот кои се критични со цел физичка заштита на посетителите);

**В.2 Источен бедем** (Конзервација и реставрација на средновековниот Источен бедем; конзервација и реставрација на остатоците од античкиот бедем кои се наоѓаат на дел до источниот бедем; насипување со земја од внатрешната страна по должина на источниот бедем соодветно спрема теренот; поставување на заштитни метални огради на места од бедемот кои се критични со цел физичка заштита на посетителите);

**В.3 Југозападен бедем** (Продолжување на делумна реконструкција на делумно изградениот Југозападен бедем; изведба на дрвени еднокраки скали до Југозападна кула со дрвена ограда за пристап до одната патека на југозападниот бедем);

**В.4 Јужен портал и Југоисточна кула** (Конзервација и делумна реставрација на Југоисточна кула; продолжување на делумната реконструкција на делумно изградениот бедем помеѓу Јужен портал; оформување на веќе постојната времена пристапна патека од камен за пристап до Јужен портал (влез) во тврдината; изведба на времени метални скали со подест за пристап до јужен портал (влез) во тврдината со метална ограда кои се планира да бидат во продолжение на веќе постојната времена патека од камен; поставување на заштитни метални огради на места од бедемот кои се критични со цел физичка заштита на посетителите);



*Слика 5: Изглед на северната кула и бедемите, со планираната реставрација, обележана со жолто*



*Слика 4: 2D изглед на реконструирана северна кула со бедемите (од надворешната страна)*









*Слика 7: 3D изглед на реконструирана северна кула со бедемите (од внатрешноста)*



*Слика 6: Изглед на западниот бедем со планираната*



*Слика 11: Изглед на јужната порта со планирана та конзервација и реставрација обележано со жолто и обележани пристапни скали*



*Слика 10: Изглед на источниот бедем со планираната конзервација обележано со жолто*

Детали и цртежи пооделно за сите делови од тврдината што ќе се конзервираат се дадени во Прилог 2 на Основен проект за реставрација, реконструкција и конзервација на Цареви кули, со предвидени заштитни интервенции согласно проектната документација.

Сите предвидени интервенции на бедемите и кулите од тврдината Цареви кули се произлезени врз база на опсежни конзерваторски анализи и истражувања, така што дадените позиции се точно утврдени. Посебно внимание и истражување се обрна на конфигурацијата на теренот, кој го диктираше простирањето на бедемот.

Сите работи за реконструкција, реставрација и конзервација што се планираат во рамките на овој проект со димензии, материјалите што ќе се користат и потеклото на материјали се вклучени во техничката документација на проектот и се во согласност со правната регулатива, вклучувајќи ги потребните дозволи за вршење работи на непосредна заштита на тврдината, како и вклучување на постојан конзерваторски надзор за време на реализација на предвидените активности на тврдината од надлежната институција НУ Завод за заш тита на спомениците на културата и Музеј - Струмица.

Сите интервенции на ѕидовите на тврдината од камења вклучуваат постапка која е детално содржана и детално опишана во главниот проект, од кои некои се екстракција на материјали за повторна употреба (камен и тула), вградување на камења во ѕидовите и реконструкција со природни камења автентични на оригиналниот камен. Овој камен се користи од локалитетот, со иста структура и димензии како вградениот камен според извршените анализи и препораки.

Малтерот ќе се подготвува според препораките и рецептот од конзерваторот, додека природниот камен е од локални каменоломи. НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Струмица е надзорно тело за сите активности за реконструкција, реставрација и конзервација на археолошкиот локалитет Цареви кули. Поради тоа, сите материјали што ќе се користат во горе наведените активности ќе бидат предмет на контрола, одобрување и надзор од овластени конзерватори и ќе бидат обезбедени од каменоломи кои имаат дозволи за работа за овој тип камен согласно законите во Република Северна Македонија. Патеките ќе се реконструираат со повторна употреба на природната ископана почва и природни камења. За реализација на овие активности нема да се наруши автентичноста и содржината на заштитениот споменик на култура.

Експертска изјава од страна на Националниот комитет - ИКОМОС Македонија беше побарана за проектот: „Конзервација, реставрација и делумна реконструкција на бедемите на тврдината - Цареви кули - во Струмица. Истата вели дека проектот и сите активности се подготвени на високо професионално ниво според сите стандарди, за соодветен третман на недвижното културно наследство, на национално ниво и на ниво на ИКОМОС препораките, особено со почит на автентичноста на објектот и примена на адекватни методи и материјали за конзервација, реставрација и реконструкција на недвижното културно наследство. Експертската изјава е приложена во **Прилог 2.**

## Проект 2. Осветлување на бедемите на тврдината Цареви кули[2]



*Слика 14: 3Д поглед на осветлувањето на тврдината Цареви Кули од југо-западната страна*

Овој проект за поддршка има за цел да осигури ефикасно и ефективно осветлување на тврдината Цареви кули, со што се истакнува историската вредност на објектот (тврдината) и овозможува глетка на Царевите кули во вечерните часови. Во рамки на овој проект, ќе биде овозможено осветлување на кулите и бедемите. Проектот за осветлување ќе се состои од вкупно 37 LED рефлектори од 18.6W со вкупна моќност од 688W. Ќе се води грижа за осветлување на кулите од тврдината и да не се оштетат бедемите и кулите на тврдината. Се планираат 13 рефлектори на јужната порта со југоисточната кула, 10 рефлектори на југозападниот бедем, 3 рефлектори на северозападниот бедем, и 11 рефлектори на северната кула со североисточниот бедем. Рефлекторите на јужната порта со југоисточната кула и североисточниот бедем. Рефлекторите на јужната порта со југоисточната кула (11) поради конфигурацијата на теренот ќе биде инсталирана на метални конзоли со L=1.3 метри, а останатите 26 рефлектори ќе се поставаат на бетонски фундаменти изградени за таа намена на растојание од 1.5 метри од тврдината. Точната позиција на секој рефлектор може да се види во графичкиот дел. Аголот на насоченост кон тврдината да биде 15°. Осветлувањето ќе биде извршено согласно конзерваторскиот проект за осветлување и конзерваторското одобрение и нема да наштети на изгледот на тврдината и на околината. Изведбата на активностите за осветлување ќе биде при постојан стручен конзерваторски надзор.

Точните локации на рефлекторите се прикажани во техничката документација на проектот.

## Проект 3. Ревитализација на пристапни патеки и скали со канделабри од Ловен дом до северната кула на тврдината Цареви кули во Струмица[3]

---

[2] ***Референца за техничка документација:*** *Главен конзерваторски проект за осветлување на бедемите на тврдината Цареви кули во Струмица – со тех. број 02-178/1 од октомври, 2019 година (изготвен од Универзал градба – Струмица);*

Во рамките на овој проект, не се предвидува изградба на нови пристапни патеки или патишта. Овој конзерваторски проект има за цел урбано уредување на постоечката пешачка патека од Ловен дом до северната кула на тврдината Цареви кули во должина од 406.31 метри. Проектот предвидува поставување на канделабри по целата должина на трасата, заштитна метална ограда, како и изведба на камени скали. Во рамки на основниот проект се утврдени следните работи:

1) **Ревитализација на постојната пристапна патека и скали од Ловен дом до северната кула на тврдината Цареви кули во должина од 406.31 метри.** (Обележување и осигурување на трасата; Расчистување на теренот; Раченископ на земја со утовар и транспорт на ископан материјал до депонија; Изработка на армирано бетонски скали со поставување на завршен слој од камени плочи);
2) **Осветлување на скалеста пристапна патека од Ловен дом до Северна кула на тврдината Цареви кули** (Поставување на 45 канделабри; поцинкована лента, траки за претпазливост, ископ и бетонирање на стопи за канделабри, кабли, заземјување и др.).
3) **Поставување на заштитна ограда на пристапната патека од Ловен дом до северна кула на тврдината Цареви кули** (Поставување на заштитна ограда по должината на патеката, монтажни работи)



*Слика 12: Означена рута за изградба на пристапна патека со канделабри и заземјување*

## Проект 4. Урбано уредување и финализирање на останатиот дел од популарната трим патека која води до манастирот Св. Илија - Струмица[4]

Овој прилог кон основниот конзерваторски проект за изградбата на пристапни патеки и скали со канделабри од Ловен дом до северната кула на тврдината Цареви кули има за цел **урбано уредување на останатиот дел од популарната трим патека која води до манастирот Св. Илија - Струмица.** Во рамки на овој прилог, следните работни активности ќе бидат реализирани :

1) **Урбано уредување на туристичката трим патека до манастирот Св. Илија - Струмица** (Припремни работи; Монтажа и поправка на металната ограда заради зголемување на безбедноста на патеката; Поправка и доградба на постојните камени скали и други активности).

---

[3] ***Референца за техничка документација:*** *Главен конзерваторски проект за создавање на пристапни патеки и скали со канделабри од Ловен Дом до северна кула на тврдината Цареви кули во Струмица – со тех.број 02-178/2 од октомври, 2019 година (изготвен од Унизервал градба - Струмица);*

[4] ***Референца за техничка документација:*** *Прилог – Урбано уредување и финализирање на туристичката трим патека од Ловен дом до Св. Илија Струмица до ОКП (Основен конзерваторски проект) за создавање на пристапни патеки и скали со канделабри од Ловен дом до северна кула на тврдината Цареви кули во Струмица – со тех.број 024/19-П од февруари, 2019 година (изготвена од ДПИ Хидро-инженеринг-Струмица);*

2) **Дизајн и изградба на семејно катче од природни материјали за активности во природа** - поставување на летниковец, урбана опрема, детски лулашки и други реквизити изработени од дрвен материјал).
3) **Поставување на патокази и информативни табли изработени од дрво.**



*Слика 14: Локација на трим патеката каде ќе биде уредено семејното катче*




*Слика 15: Преглед на состојбта со обележана рута на трим патеката од Ловен Дом до Св. Илија*



*Слика 13: Состојбата на означените места каде што ќе се одвиваат инвестициските активности на патеката (означени со сино, зелено, портокалово) и локацијата на семејното катче (означено со црвена точка).*



*Слика 16: Моменталната состојба на трим патеката со локациите кои ќе се уредуваат*

## Проект 5. Урбано уредување на планинската велосипедска патека до Св. Илија од Цареви кули[5]

Овој основен проект има за цел уредување на постоечката планинско-велосипедска патека од манастирот Св. Илија до патот кој води до Локалитетот Цареви Кули Струмица во должина од 1.052 км и постоечката ширина. Во рамки на проектот, се утврдени следните работни активности:

> ***1) Припремни работи:*** Обележување и осигурување на трасата и чистење на теренот од ниска вегетација, како: грмушки, ископ, утовар и транспорт. Патеката ќе остане во рамките на своите димензии.
>
> ***2) Земјени работи:*** Машински ископ на земја; Набивање на тло; Собирање на атмосферска вода; Машински ископ на канавки во земја; Изработка на тампонски слој од дробеник.

[5] ***Референца за техничка документација:*** *Основен проект за урбано уредување на планинската трим патека до Св. Илија од Цареви кули - со тех. број 62-08/18 од август, 2018 година (подготвен од ДПИ Хидро-инженеринг – Струмица).*



*Слика 17: Означена рута на планинската велосипедска патека од Св. Илија до Царевите кули*



*Слика 18: Состојба на планинската велосипедска патека I*

### 5.1.2 Фаза 4: Уредување и подобрување на пристапот до Цареви кули[6]

Фаза 4 ќе биде спроведена паралелно со Фаза 3 во согласност со временската рамка дадена во Прилог 4 и се смета за придружна активност. Како таква, сите активности од фаза IV мора да се спроведат во согласност со националната регулатива и политиките и процедурите за работење на Светска Банка. За овие активности, Заемопримачот ќе изготви ПУЖССА, во согласност со ПУЖССА на проектот, што е предмет на одобрување на Светска Банка. Проектот за уредување и подобрување на пристапот до ЛКН Цареви кули 2020 – 2021 е развиен од Националната установа „Завод за заштита на културните споменици и музеј" – Струмица во партнерство со Општина Струмица. Реализацијата и финансиската поддршка за активностите од проектот, ќе бидат обезбедени од Министерството за култура и Општина Струмица.

Фазата предвидува реализација на следните активности кои ќе помогнат да се подобри моменталната состојба на ЛКН, да се олесни пристапот до Локалитетот и да се поддржи финалната презентација на Цареви кули како целосно оперативен и пристапен туристички локалитет и дел од брендот Струмица:

1) Подобрување на пристапот до Цареви кули ЛКН со чистење на пристапниот пат и ставање на заштитни насипи на опасните секции.
2) Поставување на потребните безбедносни објекти.
3) Поставување на мијалник за пиење вода за посетители.
4) Поставување на заштитна ограда на цистерната за вода во ЛКН (48 метри).
5) Поставување на заштитни огради на потенцијално опасни секции и локации на Локалитетот (123 метри).
6) Поставување на 13 клупи и 13 корпи за отпадоци за потребите на посетителите.
7) Уредување на постојните патеки во ЛКН за олеснување и давање дирекции на посетителите (423 метри).
8) Хортикултурни и уредувачки активности на ЛКН.

---

[6] *Проектот за уредување и подобрување на пристапот до Цареви кули 2020 е прикажан во Прилог 3.*

9) Дополнителни активности поврзани со подобрувањето на безбедноста на одредени секции на ЛКН.
10) Поставување на голема информативна табла за прикажување на туристички информации.
11) Уредување и поставување на мали информативни табли со кратки описи и фотографии на клучни локации на Локалитетот за поддршка на искуството на посетителите.
12) Поставување на подвижни санитарни услуги – ВЦ за посетителите на ЛКН.

Нема да биде дозволен пристап на посетители сè додека не заврши **Фаза IV** и локалитетот не биде безбеден за посетителите.

### 5.1.3 Дополнителни информации и активности за публицитет

Со цел да го поддржи новореконструираниот ЛКН, Општина Струмица, како дел од потпроектот „Економска валоризација на културната и алтернативната туристичка понуда на Цареви кули во туристичка дестинација Струмица“ ќе спроведе пакет активности со цел да се подигне промоцијата на ЛКН, како што следи:

- Подготовка и дизајн на веб-страна.
- Подготовка и дизајн на карти и мапи.
- Подготовка и дизајн на летоци, водич на македонски и англиски јазик
- Реклама (снимање и емитување на ТВ реклама).

## 5.2 План за управување со посетители

Главната цел на Планот за управување со посетители (ПУП) е да им овозможи на посетителите на ЛКН Цареви кули подобро искуство, безбедност и сигурност, како и подобар пристап до ЛКН и така да придонесе за одрживиот развој на туризмот во Струмица и поширокиот регион.

Моментално, и покрај реализираната реконструкција и реставрациски работи кои се извршија во изминатите 10 години, пристапот до ЛКН е тежок и нерегулиран. Поради недостаток на ресурси, главни објекти за управување со посетители и потребните интервенции (како изградбата на заштитни огради, подобрување на пешачките мрежи и други отворени површини кои се во исклучително лоша состојба) нема или се во многу лоша состојба.

ПУП претставува составен дел на ПУЛКН на ЛКН Цареви кули и ги прикажува главните политики и визија на клучните аспекти поврзани со управувањето со посетители. Главната политика на ЛКН е да создаде услови за искусување на Цареви кули без компромитирање на конзервативниот статус на локалитетот. Затоа, следните **главни принципи** се воспоставија:

- Пристап за сите.
- Управување со безбедноста на посетителите.
- Информации и свест.
- Согласност со регулативите во полето на културно наследство и управување со ЛКН.
- Поддршка на помошни и надворешни активности (тури, концерти, шоуа, театар, итн.)
- Поттикнување волонтеризам и учество на заедницата.

Врз основа на усвоената политика и главни принципи, како дел од ПУП и ПУЛКН, следните активности ќе бидат направени, управувани и регулирани за главните аспекти на ПУП.

Графичка репрезентација на клучните аспекти на ПУП е прикажан во **Прилог 6: План за управување со посетителите на локалитетот.**

### 5.2.1 Пристап до ЛКН

Моментално, пристапот до ЛКН е обезбеден преку постоечката сообраќајна линија од Струмица до Цареви кули, преку локален пат, со должина од 7,1 километри, преку селата Попчево и Чам Чифлик до гробиштата. Има и стрмен пешачки пат од 1 километар и оштетена трим патека од Ловен дом до манастирот Св. Илија, со должина од 2.33 километри.

Табелите подолу овозможуваат преглед на планираните мерки за подобрување на севкупната пристапност на ЛКН Цареви кули кои ќе бидат извршени во рамки на Фаза 3 и 4 на активностите за конзервација, реставрација и подобрување на пристапот до ЛКН:

***Табела 1: Подобрување на пристапот со возило***

| Активност | Проект | Одговорна институција |
|---|---|---|
| А: Подобрување на пристапот до ЛКН Цареви кули преку чистење на пристапниот пат и поставување на заштитни клупи на опасни секции. | Проект за уредување и подобрување на пристапот до Цареви кули 2020 **(финансиран од Национална установа „Завод за заштита на културни споменици и музеј“ - Струмица)** | Општина Струмица / Национална установа „Завод за заштита на културните споменици и музеј“ - Струмица |
| Б: Дополнително уредување на постојната површина за паркирање на возила пред локалитетот во своите тековни димензии. | | Општина Струмица |

***Табела 2: Подобрување на пристапот на пешаците***

| Активност | Проект | Одговорна институција |
|---|---|---|
| А: Доуредување на пристапна патека и скали од Ловен дом до северна кула на тврдината Цареви кули во должина од 406.31 метри | Проект 3. Изградба на пристапни патеки и скали со канделабри од Ловен дом до северна кула на тврдината Цареви кули во Струмица **(финансиран од ПЛРК)** | Општина Струмица |
| Б: Поставување на заштитна ограда на пристапната патека од Ловен дом до северната кула на тврдината Цареви кули | | Општина Струмица |
| В: Урбано уредување и финализирање на туристичката трим патека до манастирот Св. Илија - Струмица во должина од 2.06 километри | Проект 4. Урбано уредување и финализирање на останатиот дел од популарната трим патека која води до манастирот **(финансиран од ПЛРК)** | Општина Струмица |
| Г: Урбано уредување на постоечката планинска велосипедска патека од манастирот Св. Илија до патот кој води до локалитетот Цареви кули Струмица во должина од 1.052 километри и | Проект 5. Урбано уредување на планинската велосипедска патека до Св. Илија од Цареви кули **(финансиран од ПЛРК)** | Општина Струмица |

| | | |
|---|---|---|
| широчина од 3.50 метри | | |
| Д: Поставување на неопходни безбедносни објекти. | Проект за уредување и подобрување на пристапот до Цареви кули 2020 **(финансиран од Национална установа „Завод за заштита на културни споменици и музеј“ - Струмица)** | Општина Струмица / Национална установа „Завод за заштита на културните споменици и музеј“ - Струмица |
| Ѓ: Разни мерки за безбедност за подобрување на севкупниот пристап до локалитетот и безбедност на посетителите (види 5.2.2). | | |

Дополнителни мерки, за подобрување на севкупната пристапност до ЛКН се испланирани од Општина Струмица и Националната установа „Завод за заштита на културните споменици и музеј“ – Струмица:

- Осветлување на пристапната патека со скали од Ловен дом до северна кула на тврдината Цареви кули заради безбедност и пристап преку зима, каде дневната светлина не е доволна и на денови со ограничена видливост поради временските услови.
- Поставување на мијалник за пиење вода за посетители.
- Поставување 13 клупи и 13 корпи за отпадоци за посетителите на територијата на ЛКН.
- Уредување патишта во ЛКН за олеснување на дирекции на посетителите (423 метри).
- Изградба на семејно катче од природни материјали за надворешни активности – летниковец, урбана опрема, лулки за деца и други реквизити од дрво).
- Поставување мобилни санитарни услуги – ВЦ за посетителите на ЛКН.
- Поставување зони на ЛКН (види 5.2.3).
- Информативни и мерки за свест за посетители (види 5.2.3).

Моментално, поради тековните карактеристики на ЛКН (т.е. животната средина, теренот, патиштата, итн.) пристапот за луѓе со инвалидитет е недостапен низ целиот ЛКН. Општина Струмица ќе ги истражи можностите за обезбедување таков пристап во блиска иднина.

### 5.2.2 Управување со безбедноста на посетителите

Безбедноста на посетителите е на врвот на ПУП. Планирани се разновидни мерки за реализација во рамки на ПУЛКН.

**Инфраструктура за безбедност**

Подобрување на безбедноста на посетителите преку поставување на безбедносна опрема (огради) на одредени (ризични) локации на ЛКН. Таквите мерки вклучуваат поставување на заштитна ограда на цистерната за вода во ЛКН (48 метри) и заштитни огради на потенцијално опасни секции и локации на Локалитетот (123 метри). Двата типа активности ќе бидат реализирани во рамки на Проектот за уредување и подобрување на пристапот до Цареви кули 2020 на Националната установа „Завод за заштита на културните споменици и музеј“ – Струмица.

**Зонирање**

ЛКН ќе биде поделен на две зони. Зона А ќе биде пристапна 24/7 и лоцирана надвор од ЛКН за да им дозволи на жителите на Струмица да ја посетат областа околу ЛКН, вон работни часови. Зона Б го вклучува самиот ЛКН и пристапот ќе биде базиран на усвоените работни часови. Посетителите ќе бидат информирани за пристапните правила во двете зони, преку информативни табли и други

знаци. Сезонски / временски лимит на користење на локалитетот ќе биде спроведен во случај на итни работи, неповолни временски услови, надворешни настани/активности, итн.

**План за итни случаи**

При итен случај, ЛКН ќе има усвоен план/шема за итни случаи/евакуација. Ќе биде поставен на видно место на главните влезни точки на локалитетот. Персоналот на ЛКН ќе биде обучен за пружање прва помош на посетителите.

Одреденото време на пристигање на возилото за итни случаи (т.е. амбуланта) до локалитетот на ЛКН од најблиската болница во градот Струмица изнесува 10 минути.

**Код на однесување**

Код на однесување на посетителот ќе биде подготвен за ЛКН и поставен на главните влезови на локалитетот. Истиот дава информации за нормите на однесување за посетителите, рестрикции на предметите за локалитетот, предупредувања за вандализам, совети за подобро искусување како посетители, итн. Тоа ќе резултира со усвојување на соодветно однесување кај посетителите и ќе им овозможи попријатна посета.

**Следење на посетителите**

За потребите и на безбедноста на посетителите, како и за намалување на негативното влијание врз ЛКН, како вандализам и несоодветно однесување, ќе се врши следење на посетителите на ЛКН. Најпрво, следењето ќе се врши од одреденото обезбедување и административен персонал на локалитетот. Видео мониторинг систем (преку видео камери) ќе биде инсталиран на претходно дефинирани локации, во и надвор од ЛКН. Дополнителна сигурност на ЛКН ќе биде овозможена преку инсталација на метални врати (види прикачени слики од предвидените врати во Прилог 3) кои ќе го ограничат пристапот до ЛКН вон работните часови.

### 5.2.3 Информации и свест

Табела 3 дава приказ на планираните инфраструктурни мерки за подобрување на информациите и свеста на ЛКН Цареви кули кои ќе бидат извршени во рамки на Фаза 3 и 4 од активностите за конзервација, реставрација, реконструкција и подобрување на пристапот до ЛКН.

***Табела 3: Информации и свест - инфраструктура***

| Активност | Проект | Одговорна институција |
|---|---|---|
| А: Поставување голема информативна табла за приказ на туристички информации | Проект за уредување и подобрување на пристапот до Цареви кули 2020 **(финансиран од Национална установа „Завод за заштита на културни споменици и музеј“ - Струмица)** | Општина Струмица / Национална установа „Завод за заштита на културни споменици и музеј“ - Струмица |
| Б: Уредување и поставување информативни табли со кратки описи и фотографии од клучни локации на локалитетот за подобро искуство на посетителот | | |
| В: Уредување патеки во ЛКН за олеснување и давање дирекции на посетителите (423 метри). | | |
| Г: Поставување дрвени знаци и информативни табли покрај пристапните патеки и скали од | Проект 3. Создавање на пристапни патеки и скали со канделабри од Ловен дом до | Општина Струмица |

| | | |
|---|---|---|
| Ловен дом **до северната кула** | северна кула на тврдината Цареви кули во Струмица **(финансиран од ПЛРК)** | |
| Д: Поставување информативна табла на старата трим патека до манастирот Св. Илија - Струмица | Проект 4. Урбано уредување и финализирање на останатиот дел од популарната трим патека која води до манастирот **(финансиран од ПЛРК)** | Општина Струмица |
| Ѓ: Поставување информативна табла на почетната локација од планинската велосипедска патека до Св. Илија | Проект 5. Урбано уредување на планинската велосипедска патека до Св. Илија од Цареви кули Towers **(финансиран од ПЛРК)** | Општина Струмица |

Локацијата на инфраструктурата за информации и свест е прикажана во Планот за управување со посетителите на локалитетот **(Прилог 6).**

## Промоција онлајн и на самиот локалитет

Општина Струмица ќе изврши пакет активности за зголемување на свеста на ЛКН помеѓу локалната заедница и посетителите во регионот. Од таа причина, како дел од потпроектот „Економска валоризација на културната и алтернативна туристичка понуда на Цареви кули во туристичка дестинација Струмица“, следните активности ќе бидат реализирани:

1) Подготовка и дизајн на веб страна за новоформираниот ЛКН.
2) Подготовка и дизајн на карти и мапи.
3) Подготовка и дизајн на летоци и печатен водич на македонски и англиски јазик.

Печатените промотивни материјали ќе бидат дадени на туристички засегнати страни во Општина Струмица и прикажани на самото место на објектот за посетители.

**Објект за посетители на лице место**

Како дел од Проектот за уредување и подобрување на пристапот до Цареви кули 2020, помошен објект ќе биде изграден на локацијата на ЛКН Цареви кули да послужи и како објект за посетители на лице место (место за одмор и информации), како и за помошен објект за сигурност на локалитетот; и магацин за потребната опрема за одржување на локалитетот.

**Фидбек систем за посетители**

Печатен и онлајн фидбек систем ќе биде користен за потребите од мерење на целокупното искуство на посетителите на ЛКН, како и за собирање идеи за идно подобрување на ЛКН и овозможените услуги. Онлајн верзијата на фидбек системот ќе биде прикачена на веб-порталот на ЛКН.

**Работни часови**

Официјалните работни часови на ЛКН ќе бидат следните:

**Летно време (од мај до септември)**

| понеделник | вторник | среда | четврток | петок | сабота | недела |
|---|---|---|---|---|---|---|
| затворено | 10:00 – 19:00 | 10:00 – 19:00 | 10:00 – 19:00 | 10:00 – 19:00 | 10:00 – 19:00 | 10:00 – 19:00 |

**Зимско време (од октомври до април)**

| понеделник | вторник | среда | четврток | петок | сабота | недела |
|---|---|---|---|---|---|---|
| затворено | 10:00 – 17:00 | 10:00 – 17:00 | 10:00 – 17:00 | 10:00 – 17:00 | 10:00 – 17:00 | 10:00 – 17:00 |

## 5.3 План за безбедност

Како дел **од Оперативниот план за одржување (Прилог 5).** Општина Струмица ќе обезбеди соодветни безбедносни мерки за потребите да се обезбеди сигурност на ЛКН, осигурувајќи ја безбедноста на посетителите, превенција на вандализам, итн.

## 5.4 Оперативен план за одржување

Делот од ПУЛКН поврзан со операција и одржување на ЛКН е развиен за одржливост, соодветно одржување и операција на туристичката инфраструктура/објекти и средства извршени во процесот на реализација ПУЛКН. Дава преглед на потребните ресурси (човечки и финансиски), како и специфичните оперативни и активности за одржување, специфичните начини и рокови за нивна реализација, потребни за соодветна операција и одржување на јавните објекти, проектни резултати и софтвер решенија, кои ќе бидат реконструирани, реновирани и развиени како резултат на спроведените активности на ПУЛКН.

Како и со самиот ПУЛКН, Оперативниот план за одржување на ЛКН ќе биде обновен на редовна основа во постапката на реализација на ПУЛКН.

Оперативниот план за одржување на ЛКН е прикажан во **Прилог 5.**

# 6. Следење и евалуација

